ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО
ЛИСИЧЕ
Бр. 02-4943
11.12. 2023 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈПВ Лисиче-Велес, Управниот одбор на ЈПВ Лисиче-Велес на редовна седница одржана на 11.12.2023 година донесе:

О Д Л У К А

за изменување на Планот за јавни набавки на ЈПВ Лисиче-Велес за 2023 година

Член 1

Планот за јавни набавки на ЈПВ Лисиче-Велес за 2023 година СЕ ИЗМЕНУВА како следи:

Се БРИШЕ јавната набавка Консултанстски услуги за имплементација на систем за квалитет во лабораторија за тестирање.

СЕ ДОДАВА јавна набавка "Консултантски услуги за подготовка на акционен план за акредитација на лабораторија согласно МКС EN ISO 17025:2018 - стандард за оценка на компетенции на лаборатории за тестирање и калибрирање", шифра според ОПЈН 72330000-2 и 71600000-4, вид на постапка-набавка од мала вредност и очекуван почеток на постапката Декември месец 2023 година. Проценета вредност на набавката изнесува 300.000 денари без ддв.

Член 2

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

До Управен одбор е поднесено барање број 03-497/1 од 11.12.2023 година во кое се наведува дека средствата за јавната набавка се веќе обезбедени од Годишен план за јавна набавки за 2023 година од јавната набавка за консултантски услуги за имлементација на систем за квалитет во лабораторорија за испитување, со што не станува збор за дополнување во вкупната вредност на ГПЈН туку изменување на предметот на веќе планирана јавна набавка.

Согласно член 1 од „Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче –Велес со архивски број 02 -322/9 од 22.07.2022 година" , со кој се додава дополнителна дејност на јавното претпријатие „Техничко испитување и анализи" а со цел проширување и развивање на функционирањето на претпријатието кон насока на подобрување на неговите финансиски придобивки и унапредување на севкупното работење и согледувајќи го големиот потенцијал на новата дејност, но и како дел од развојните активности и можности на претпријатието чија крајна цел би била дополнување на услугите кон водокорисниците. Согласно горе споменатото има потреба за изменување и дополнување на Годишен план за јавни набавки на ЈПВ Лисиче-Велес за 2023 година со ставка "Консултантски услуги за подготовка на акционен план за акредитација на лабораторија согласно МКС EN ISO 17025:2018 - стандард за оценка на компетенции на лаборатории за тестирање и калибрирање", па се одлучи како во диспозитивот.

По овластување
бр.02- 351/2 од 05.07.2023 година
Заменик Претседател на
Управен одбор
Славе Петров

11.12.2023 година

Scanned with CamScanner